*НОВО СВЕТСКО ПРИЗНАНИЕ*

# РИСТО ВАСИЛЕВСКИ, „ЗЛАТЕН СВЕТСКИ ПИСАТЕЛ”

Повеќе значајни меѓународни организации од десет земји (САД, Германија, Англија, Франција, Италија, Шпанија, Украина, Кина, Индија и Јапонија), меѓу кои се и Pegasus Brücke International Center (Германија) и Radius International Art Center (САД), востановија ново светско признание кое ќе им се доделува на писателите од цел свет, чија креативност, енергија и благородност го прават светот подобар.

Деновиве се соопштени имињата на првите дваесет добитници на ова значајно признание. Тоа се Ролан Сеисенбаев (Казахстан), Милан Грабал (Чешка), Михас Пазњаков (Беолорусија), Олена Ананиева (Германија), Абдукахор Косим (Таџикистан), Џејмс Тан (Кина), Михаил Блехман (Канада), Сантош Кумар Покхарел (Непал), Д-р Ловелин П. Ејо (Нигерија), Мери Агреда (Еквадор), Марција Батиста Рамос (Бразил), Д-р Н. К. Схарма (Индија), Тиан Ју (Кина), Ксанти Хондроу-Хил (Грција), Кав. Силвано Бортолаци (Италија), Д-р Ашиш Малвија (Индија), Ана Мариа Мануел Роса (Аргентина), Д-р Синтија Ешеме (Нигерија) и Сергиј и Тетјана Ѕуба (Украина). Меѓу нив се наоѓа и името на нашиот истакнат поет и академик Ристо Василевски, кого за оваа награда го номинира Украинската академија за книжевност и уметност, чиј е тој редовен член.

Инаку, Василевски е познато име во светот на литературата, неговите дела се преведени на над дваесет и пет светски јазици, и добитник е на голем број други светски значајни меѓународни награди и признанија.